РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА
ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ - БИТОЛА

Партизанска, бб (комплекс Касарни); 7000 Битола; Република МАКЕДОНИЈА; Тел. +38947 259923,259921; Факс +38947 259917; П.Ф.10

Бр. 02-282/4
26.05.2015 година
Битола

Врз основа на член 66 од Законот за високото образование (Сл.весник. на РМ 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015 и 20/2015) а во врска со член 8 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РМ бр. 13/2006, 86/2008, 6/2010 и 42/2014), Деканатската управа на Факултетот за информатички и комуникациски технологии во состав на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, на својата 18-та седница ја донесе следнава

# ОДЛУКА

## за определување службено лице за посредување со информации

1. Доц. д-р Благој Ристевски се определува за службено лице за посредување со информации од јавен карактер при остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располага Факултетот за информатички и комуникациски технологии – Битола, како имател на информации.

2. Службеното лице за посредување со информации контактира и ги дава потребните информации од јавен карактер со кои располага Факултетот за информатички и комуникациски технологии – Битола согласно со листата на информации утврдена со Одлука бр. 02-282/3 од 26.05.2015 год. и им помага на барателите на информации, за што води посебна евиденција за примањето на барања за информации, чувањето и давањето на информациите, согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, друг закон и актите на Универзитетот и Факултетот.

3. Деканот или по негово овластување продеканите и секретарот на Факултетот соработуваат со службеното лице за посредување со информации заради создавање на услови за примена на одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

4. Оваа Одлука се објавува на веб страната на Факултетот.

5. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Декан
Ред. проф. д-р Пеце Митревски

ДН
- службено лице за посредување со информации
- Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер
- лица задолжени за уредување на содржини на веб страната
- архива